„Не потценувај ниедно добро дело, па дури и тоа да го пресретнеш братот муслиман со насмевка на лицето

Ебу Зер, радијаллаху анху, пренесува: Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем ми порача: „Не потценувај ниедно добро дело, па дури и тоа да го пресретнеш братот муслиман со насмевка на лицето."

[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, нè поттикнува во овој хадис да правиме добри дела и да не ги потценуваме, дури и ако ни изгледаат безначајни, како на пример средбата со братот муслиман со блескаво лице и насмевка. Муслиманот треба да се стреми кон тоа добро дело, бидејќи со тоа се зближува и внесува радост кај неговиот брат муслиман.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5348